**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2026 година**

**Скопје, март 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 март 2026 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и м-р Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Беким Емини, државен правобранител на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација (со известување-укажување) во врска со постапка за експропријација која се водела пред Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, УП. бр.25-289/2020, по предлог на Општина Охрид (ДП бр.03-266/1)

2. Предлог - решение за именување на раководител, заменик - раководител, членови и заменици - членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија

3. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за јавна администрација

4. Известување за преземените активностите во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и танзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 февруари 2026 година до 4 март 2026 година

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 26 февруари 2026 година до 4 март 2026 година

6. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Марбле артик ДОО с.Преглово, Општина Пласница на локалитетот „Шарен Камен“ с.Преглово, Општина Пласница

7. Предлог – одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот ,,Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп на Акционерското друштвото за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје

8. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштво за производство, трговија и услуги Бианко сета марми ДОО Скопје на локалитетот ,,Дупен Камен”, с.Беловодица, Општина Прилеп

9. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – туф, габро и монцонит на локалитетот „с. Шталковица“, Општина Пробиштип

10. Информација во врска со Барањето за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани-1“ с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог – одлука

11. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување

12. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вон семејна социјална заштита за стари лица „Оаза“, во Општина Илинден, Скопје, со прилози и Предлог-одлука

13. Информација за формирање Министерски одбор за организација и координација на Регионална конференција со наслов: „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност во согласност со потребите на луѓето“, што ќе се одржи на 7 и 8 мај 2026 година, во Скопје, во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади, со поддршка на Владата на Република Северна Македонија и во соработка со Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, со Предлог-одлука и Предлог-решение

14.Информација во врска со помалку префрлените парични средства за финансирање на радиодифузната дејност од страна на Министерството за дигитална трансформација за 2025-2026 година

15. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Министерството за дигитална трансформација и Оракл софтвер Д.О.О Љубљана (ORACLE SOFTWARE D.O.O. LJUBLJANA), со седиште во Љубљана, Република Словенија, за развој, имплементација и промоција на програми за дигитално учење, со текст на Меморандум за соработка

16. Информација за организирање на Министерска конференција „Поврзување на иднината: Патишта за интернационализација на високото образование во Југоисточна Европа“

17. Информација за потребата од измена на Информацијата во врска со пресудата на Апелационен суд Скопје, донесена во постапката по спорот помеѓу Комерцијална банка АД Скопје, во својство на тужител и Република Северна Македонија–Агенција за млади и спорт (правен наследник Министерство за спорт) во својство на тужен

18.Информација за постоечка инфраструктура за Информациски системи за канцелариско и архивско работење

19. Информација за Извештајот за проценка на спроведувањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

20. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје

21. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште Американска гимназија „Нова“ во Скопје

22. Предлог - одлука за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар за 2026 година

23. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје

24. Информација за прогресот на реализирани активности во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје за повторно воведување на методата кератопластика

25. Акциски план за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Предлог на закон за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола), во Република Северна Македонија, по скратена постапка

29. Информација за склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, Оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите придружни помошни простории во ЈЗУ ГОБ 8 Септември-Скопје, со текст на Анекс бр.1 кон Договорот

30. Информација за статус на арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип ICC Case Number 28278/ELU во врска со уредување на нашето противтужбено барање

31. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс договор бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 12-502/1 од 8.3.2024 година, солемнизиран кај нотар Кристина Петреска од Кичево под ОДУ 61/2024 на ден 11.3.2024 година, склучени помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Кичево, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје

32. Информација за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Кичево и давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Кичево и Авеста холдинг, со предлог – одлуки

33. Предлог - одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2026 година

34. Предлог–одлука за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре Куманово

35. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година

36. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи

38. Информација за начин на финансирање и имплементација на проект „Реконструкција на сервер сала на Царинската управа"

39. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

40. Информација за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај, со прилози и Предлог-одлука

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто педесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2026 година и Записникот од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2026 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата (со известување-укажување) во врска со постапка за експропријација која се водела пред Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, УП. бр.25-289/2020, по предлог на Општина Охрид (ДП бр.03-266/1), како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог - решението за именување на раководител, заменик - раководител, членови и заменици - членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика

на Република Северна Македонија и го донесе Решението за именување на раководител, заменик - раководител, членови и заменици - членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија, со заклучок, основот на Решението да се дополни со 55/26, односно бројот на службениот весник, во кој е објавена Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за јавна администрација.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активностите во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и танзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 февруари 2026 година до 4 март 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 26 февруари 2026 година до 4 март 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Марбле артик ДОО с.Преглово, Општина Пласница на локалитетот „Шарен Камен“, с.Преглово, Општина Пласница.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот ,,Галабовец – Нови Присад“, Општина Прилеп на Акционерското друштвото за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје.

**Точка 8**

Владата, на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштво за

производство, трговија и услуги Бианко сета марми ДОО Скопје на локалитетот ,,Дупен Камен”, с.Беловодица, Општина Прилеп.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 9**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – туф, габро и монцонит на локалитетот „с. Шталковица“, Општина Пробиштип.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 10**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани-1“ с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог – одлука.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Ана Петровска, раководител на сектор во Министерството за здравство.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита за стари лица „Оаза“, во Општина Илинден, Скопје, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вон-семејна социјална заштита за стари лица, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Министерски одбор за организација и координација на Регионална конференција со наслов: „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност во согласност со потребите на луѓето“, што ќе се одржи на 7 и 8 мај 2026 година, во Скопје, во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади, со поддршка на Владата на Република Северна Македонија и во соработка со Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА, со Предлог-одлука и Предлог-решение и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за формирање Министерски одбор за организација и координација на Регионална конференција со наслов: „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност во согласност со потребите на луѓето“, што ќе се одржи во период од 7 до 8 мај 2026 година, во Скопје, во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади, со поддршка на Владата на Република Северна Македонија и во соработка со Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА.

2. Ја донесе Одлуката за формирање на Министерски одбор за организација и координација на Регионалната конференција „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност согласно потребите на луѓето“.

3. Се задолжува министерот за социјална политика демографија и млади, во рок од 15 дена, да донесе решение за формирање на Организациски одбор и Програмски одбор со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за европски прашања, а по потреба и други институции, со цел утврдување на заедничките и одделните обврски на секоја надлежна институција, согласно надлежностите во поглед на претстојниот настан.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за именување на координатор, заменик - координатор и членови на Министерскиот одбор за организација и координација на Регионалната конференција да се стави на Дневен ред на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за формирање на Министерски одбор за организација и координација на Регионалната конференција „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност согласно потребите на луѓето“.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со помалку префрлените парични средства за финансирање на радиодифузната дејност од страна на Министерството за дигитална трансформација за 2025-2026 година и условно ја усвои доколку предлог – заклучоците се усогласат со Министерството за финансии.

**Точка 15**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Министерството за дигитална трансформација и Оракл софтвер Д.О.О Љубљана (ORACLE SOFTWARE D.O.O. LJUBLJANA), со седиште во Љубљана, Република Словенија, за развој, имплементација и промоција на програми за дигитално учење, со текст на Меморандум за соработка, за втората редовна седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да обезбеди соодветно мислење од Бирото за јавни набавки по однос на материјалот.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на Министерска конференција „Поврзување на иднината: Патишта за интернационализација на високото образование во Југоисточна Европа“ и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за образование и наука да ја координира организацијата и да ги обезбеди сите неопходни логистички аспекти поврзани со Министерската конференција „Поврзување на иднината:Патишта за интернационализација на високото образование во Југоисточна Европа”, најдоцна до 23 март 2026 година.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници задолжени за координација на активностите поврзани со Министерската конференција „Поврзување на иднината: Патишта за интернационализација на високото образование во Југоисточна Европа” и истите да ги достават до Министерството за образование и наука, најдоцна до 19 март 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди соодветна поддршка за навремена и ефикасна реализација на активностите поврзани со учеството на делегациите од земјите учеснички од Западен Балкан, најдоцна до 23 март 2026 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја спроведе протоколарната подготовка на активностите кои произлегуваат од Министерската конференција „Поврзување на иднината: Патишта за интернационализација на високото образование во Југоисточна Европа“, која ќе се одржи на 26 и 27 март 2026 година во Скопје, во организација на Регионалниот совет за соработка (RCC) и Групацијата на Светска банка.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од измена на Информацијата во врска со пресудата на Апелационен суд Скопје, донесена во постапката по спорот помеѓу Комерцијална банка АД Скопје, во својство на тужител и Република Северна Македонија–Агенција за млади и спорт (правен наследник Министерство за спорт) во својство на тужен, ја усвои и го задолжи Министерството за спорт да пристапи кон склучување на вонсудска спогодба со Комерцијална банка АД Скопје, со цел уредување на обврската–долг што произлегува од пресудата на Основен граѓански суд Скопје ПЛ1-ТС бр.803/19 од 29.12.2023 година, како и од пресудата на Апелационен суд Скопје ТСЖ-554/24 од 20.11.2025 година.

**<u>Точка 18</u>**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Информацијата за постоечка инфраструктура за Информациски системи за канцелариско и архивско работење, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот за проценка на спроведувањето на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 , како материјал за информирање.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за урологија – Скопје.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште Американска гимназија „Нова“ во Скопје.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавната установа за деца - Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар за 2026 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија - Скопје.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализирани активности во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести - Скопје за повторно воведување на методата кератопластика, како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата го разгледа Акцискиот план за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на ЈЗУ Здравствен дом- Ресен, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува ЈЗУ Здравствен - дом Ресен да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 26**

1. Владата го разреши Исмаил Ибиши, од должноста член на Национална комисија за учебници за основно и средно образование, претставник од основните и средните училишта, поради истек на мандатот.

2. Владата го разреши Игор Аневски, од должноста претседател на Комисијата за право на поврат на средствата.

2.1 Владата го именува Бранимир Михајловски, за претседател на Комисијата за право на поврат на средствата, по предлог на директорот од Управата за јавни приходи.

3. Владата му утврди престанок на мандатот на проф. д-р Гоце Наумовски, определен претставник во Советот на ЈНУ Институт за интелектуална сопственост, на негово барање.

3.1 Владата го определи проф. д-р Цветко Андреески, за претставник во Советот на ЈНУ Институт за интелектуална сопственост.

4. Владата им утврди престанок на мандатот на Јован Трпевски и Аљен Деаровски, членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје, поради спојување на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“ , Скопје.

**5.** Владата им утврди престанок на мандатот на Александар Трифуновски, Ивана Велковска и Бојана Крстиќ, членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје, поради спојување на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“, Скопје.

6. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“ Скопје, ги именува:

- Ивана Велковска,
- Аљен Деаровски и
- Бојана Крстиќ.

7. Владата го именува Неби Арифи, за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем.

8. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје.

9. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Штип.

## Точка 27

**1.**Владата го разгледа Известувањето за потребата од усогласување на законите поради дигитализација на процесите, го усвои и го задолжи Министерството за дигитална трансформација, во рок од 60 дена, да подготви и до Владата да достави Анализа/Акциски план за тоа кои закони се приоритетни за усогласување во делот на дигитализација со Законот за електронско управување и електронски услуги, Законот за електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги и Законот за Централниот регистар на население (за функционирање на институциите), како и кои закони е потребно да се усогласуваат

етапно, имајќи ги предвид притоа финансиските средства со кои располагаат органите на државната управа.

**2**.Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Тринаесетти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно и подготовка на Четиринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 26 март 2026 година во Брисел и хибридно и ја усвои со следните заклучоци:

1)Се определува Маја Рисова - Мутлулар од Министерството за јавна администрација за ко-претседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2)Се задолжува копретседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација во координација со Министерството за европски прашања, врз основа на номинациите добиени од институциите, да го определи составот на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Четиринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 26 март 2026 година во Брисел и хибридно.

3)Се задолжува Министерството за јавна администрација да организира подготвителен состанок, во насока на соодветна подготовка на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Четиринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 26 март 2026 година во Скопје и хибридно, најдоцна до 20 март 2026 година.

4)Се задолжува Министерството за европски прашања, да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за европски прашања да одржи координативен состанок со соодветните институции и за наредната седница на Владата да подготви и достави усогласена информација со конкретни предлози, имајќи ги предвид предлог-заклучоците 3, 4 и 5 од оваа информација.

**3.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за финансии во врска со заклучокот по точка 2: Информација за реализација на барањата, поднесени до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во текот на 2025 година, поврзани со пожарот што се случи во Клубот „Пулс“ во Кочани на 16 март 2025 година од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 март 2026 година, го симна од Дневен ред од седницата на Владата и ја задолжи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да достави прецизни податоци во однос на финансиските средства за организирањето на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани, со цел реализација на барањата.

**<u>Точка 28</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за- Автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на Автопатот Прилеп – Битола), во Република Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проектот за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, Оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите придружни помошни простории во ЈЗУ ГОБ 8 Септември-Скопје, со текст на Анекс бр.1 кон Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Анекс бр. 1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, Оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите придружни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје.

2. Се овластува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите придружни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"- Скопје.

3. Се препорачува на ЈЗУ ГОБ „8 Септември"- Скопје да го потпише Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, Оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите придружни помошни простории во ЈЗУ ГОБ „8 Септември"- Скопје.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип ICC Case Number 28278/ELU во врска со уредување на нашето противтужбено барање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна во рок од 30 дена да достави известување до претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, за планирани активности во врска со повторно распишување на тендер за довршување на работите за доизградба на Клиничката болница - Штип.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, најдоцна во рок од три дена, од доставеното известување, истото да го достави до нашите правни застапници, адвокатската куќа Fenwick Elliott, со цел истите да знаат во кој правец да ја продолжат постапката за заштита на нашите интереси во оваа арбитражна постапка.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс договор бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 12-502/1 од 8.3.2024 година, солемнизиран кај нотар Кристина Петреска од Кичево под ОДУ 61/2024 на ден 11.3.2024 година, склучени помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Кичево, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста Батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс договор бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 12-502/1 од 8.3.2024 година, солемнизиран кај нотар Кристина Петреска од Кичево под ОДУ 61/2024 на ден 11.3.2024 година, склучени помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Кичево, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона - Кичево и за висината на закупнината.

3. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучено помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на Технолошко индустриска развојна зона - Кичево, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, како закупец, заведено кај закуподавачот под бр.12-502/1 од 8.3.2024 година.

## **Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Кичево и давање на согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, Кичево и Авеста холдинг, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз – извоз – корисник на Технолошка индустриска развојна зона - Кичево.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Кичево и Авеста холдинг – корисник на Технолошка индустриска развојна зона- Кичево.

## **Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2026 година.

**Точка 34**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре, Куманово.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 35**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година.

**Точка 36**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за начин на финансирање и имплементација на проект „Реконструкција на сервер сала на Царинската управа“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа веднаш да достави барање до Министерство за финансии за проширување на буџетот на сметката од самофинансирачки активности за седум милиони денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди остатокот на средствата со следното изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, за реализација на проект „Реконструкција на сервер сала на Царинската управа“.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа веднаш да ја започне постапката за избор на најповолен понудувач за реализација на проектот „Реконструкција на сервер сала на Царинската управа“.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање во закуп објекти на граничен премин за патен сообраќај.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.